Коментар на Предлог-коментари кон предлог- Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување на Асоцијацијата на друштвата за управување со пензиски фондови,

точка **I. КОМЕНТАРИ ВО ВРСКА СО НАДОМЕСТОЦИТЕ И ТРОШОЦИТЕ:**

“Коментар на член 30 од Предлог-законот (во врска со член 98 од основниот закон)
Предлагаме конзервативното портфолио да не се разликува во делот на надоместоците (надоместок од придонес и месечен надоместок од нето средствата) во однос на другите портфолија. Исто така, во врска со намалувањето на висината на надоместокот од придонеси за останатите портфолија, која според предлог законските решенија не може да надмине 1,5% од секој уплатен придонес, предлагаме да остане постојното законско решение, односно висината на надоместокот од придонеси да не надминува 2%.

Образложение: Трошоците на Друштвото за управување со фондот се зголемуваат со воведување мултифондови, за ИТ-систем, работен персонал, провизии за банка чувар, трансакциски провизии за повеќе фондови под управување, независно дали станува збор за растечко портфолио, балансирано портфолио и/или конзервативно портфолио. Дополнително, од аспект на управување, може да се очекуват зголемени трошоци за софтверски решенија и човечки ресурси од аспект на Управување со средства и обрски (ALM) и управување со ликвидност. Ова особено е значајно за конзервативното портфолио, како портфолио од кое ќе се врши исплата на идните пензионери, а за кое е предвидена најниска управувачка провизија. Може да се земе примерот на регулативата на Република Хрватска (Zakon o obveznim mirovinskim fondovima) или неодамна усвоените решенија во Република Бугарија. Управувачката провизија за конзервативното портфолио во Хрватска во 2026 година е на ниво од 0,23% годишно и истата ќе се намалува од 0,2% во 2029 година. Истата провизија во Бугарија во моментот се движи во ранг од 0,2%-0,26% годишно. Со овој предлог закон предвидено е управувачката провизија за конзервативното потртфолио да изнесува 0,12% годишно, што е значително пониско од провизиите во Хрватска и Бугарија, држави кои се со поразвиени пензиски системи. Исто така членовите согласно возрасните групи предвидени со овој предлог закон ќе бидат во конзервативно портфолио во период 5-7 години во текот на работниот век и целиот период на користење на пензија што значително би влијаело на вкупниот износ на наплатена управувачка провизија. Сметаме дека треба да се земе во предвид дека хрватскиот систем се разликува од македонскиот и бугарскиот во начинот на исплата на пензии. Кога член ќе се пензионира, неговите средства од вториот столб се префрлаат во осигурителни-пензиски друштва, кои ја вршат исплатата. Затоа, трошоците и развојните

активности поврзани со исплатата на второстолбските пензии не паѓаат на товар на пензиските друштва, туку на осигурителните-пензиски компании.

Висината на предвидените надоместоци во предлог-законот нема да ги покрие трошоците за управување со конзервативното портфолио, особено ако се земат предвид уплатата на надомест од 0,6% за МАПАС и 0,1% за ПИОСМ. Оттука, неопходно е да се има предвид дека определените надоместоци се во **бруто износ** и од истите се исплатува надоместок спрема МАПАС и ФПИОСМ. Исто така, уделот на конзервативносто портфолио во средствата под управување со тек на време ќе се зголемува, што со предложеното решение ќе доведе до предизвици во обезбедување на континуитет во работењето и обезбедување услови за адаптација и развој на системот.”

<u>Го молам законодавецот за fact-checking:</u>

1. Надоместоците кај нас се:

- Надоместок за придонеси 1,70% од секој уплатен придонес, односно на месечно ниво
- Надоместок за управување од 0,03% на месечно ниво т.е 0,36% годишно

Ова значи дека надоместоците што ги плаќаме се веќе значително повисоки од истите во Хрватска, каде што се наплаќа само т.н management fee (регулиран со Закон- 0,25% за 2024; 0,24% за 2025; 0,23% за 2026; 0,22% за 2027; 0,21% за 2028; 0,20% за 2029) кој кореспондира со нашиот Надоместок за управување.

Од 2024 година влезната провизија во Хрватска е 0%, што кореспондира со нашиот Надоместок од придонеси кој во моментов изнесува 1,70% од секој уплатен придонес.

2. Пензиските друштва, од аспект на вториот пензиски столб имаат однапред обезбеден пазарен сегмент односно државата им обезбедува гарантиран обем на работа.

Бројот на членови на вториот пензиски столб заклучно 31/12/2025 изнесува 630.396, додека бројот на членови на третиот пензиски столб заклучно 31/12/2025 изнесува

35.944, иако доброволните пензиски фондови на двете најголеми пензиски друштва постојат повеќе од 15 години.

Согласно тоа, логично е Надоместокот за придонеси во вториот пензиски столб да изнесува 0%, а да има Надоместок од придонеси во одреден процент за третиот доброволен столб и тие пари да се трошат на маркетинг и придобивање клиенти.

Трошоците за маркетинг на пензиските друштва се несразмерно големи во однос на тоа што **клиентите за вториот пензиски столб ги добиваат по клуч**, без никаков реален труд.

3. Во прилог е **ексел табела** која ги содржи следниве податоци (за секоја година почнувајќи од 2006 година заклучно 2025 година):

- **Приходи од Надоместок од придонеси**

- Приходи од Надоместок за управување

- Вкупно Надоместоци

- Трошоци за маркетинг

- Добивка од управување на Фондот

- Вкупна добивка

За секое пензиско друштво и вкупно трите друштва (во МКД и ЕУР).

Потоа:

Пораст на бројот на членови по години

Пораст на средствата на управување

Проекциите за нивната добивка во периодот од 2026 – 2031 година се содржат во претходно доставениот документ до вас.

За илустрација:

<u>КБ Прво пензиско друштво:</u>

Вкупна нето сеопфатна **ДОБИВКА за 2025** изнесува МКД 254.656.496,00 или **ЕУР 4.140.000,00.**

Приходите на Друштвото се состојат од: **надоместокот од средства** т.е нивно управување (околу **ЕУР 5.250.000,00)** и **надоместокот од придонеси** (околу **ЕУР 2.330.000,00**) кои ги плаќаш од твоите месечни уплати.

Најголемите ставки на страната на **Расходите** на Друштвото се состојат од: **плати за вработените (околу ЕУР 1.100.000,00)**, **расходи за** МАПАС **(околу ЕУР 930.000,00**), **расходи за чувар на имот (околу ЕУР 315.000,00)** и **трошоци за маркетинг** (околу ЕУР 232.000,00).

Добивката на Друштвото се зголемила околу ЕУР 480.000,00 во однос на минатата година, пред се поради зголемените приходи од надоместокот за средства и надоместокот за управување.

Сава пензиско друштво:

Вкупна нето сеопфатна **ДОБИВКА за 2025** изнесува МКД 194.238.162,00 или **ЕУР 3.150.000,00.**

Приходите на Друштвото се состојат од: **надоместокот од средства** т.е нивно управување (**околу ЕУР 4.710.000,00**) и **надоместокот од придонеси** (околу **ЕУР 2.130.000,00)** кои ги плаќаш од твоите месечни уплати.

Најголемите ставки на страната на **Расходите** на Друштвото се состојат од: **плати за вработените (околу ЕУР 1.400.000,00**), **расходи за МАПАС** (**околу ЕУР 850.000,00),** расходи за чувар на имот **(околу ЕУР 315.000,00)** и **трошоци за маркетинг** (околу ЕУР 333.000,00).

Добивката на Друштвото се зголемила околу ЕУР 310.000,00 во однос на минатата година, пред се поради зголемените приходи од надоместокот за средства и надоместокот за управување.

Триглав пензиско друштво:

Вкупна нето сеопфатна **ЗАГУБА за 2025** изнесува МКД 457.807,00 или **– ЕУР 7.444,00.**

Приходите на Друштвото се состојат од: **надоместокот од средства** т.е нивно управување (околу ЕУР 588.000,00) и **надоместокот од придонеси** (околу ЕУР 858.000,00) кои ги плаќаш од твоите месечни уплати.

Најголемите ставки на страната на **Расходите** на Друштвото се состојат од: плати за вработените (околу ЕУР 570.000,00), **расходи за МАПАС** (околу ЕУР 237.000,00), **расходи за**

чувар на имот (околу ЕУР 83.500,00), **трошоци за агенти** (околу ЕУР 210.000,00) и **трошоци за услуги** (ЕУР 200.000).

Заклучок: Надоместоците што ги плаќаме секоја година им се повеќе од доволни за покривање на трошоците за нивно раборење. Расходните ставки за МАПАС и банка- чувар се значително помали од тоа што се обидуваат да го претстват во нивните коментари. Воедно, висината на нивната добивка зависи и од категории како што се:

Плати за вработени (дали ќе исплатат ЕУР 5,000 по вработен или минималец)

Трошоци за маркетинг (дали се ЕУР 300,000 секоја година или повеќе или помалку)

Успешност од вложувањата на средствата на самото друштво (тоа е различно од пензискиот фонд) – некои години се евидентни големи негативни курсни разлики, што негативно влијаат на висината на нивната добивка (претпоставувам произлегуваат од нехеџирана доларска изложеност).

Главна поента- ќе го земам КБ Прво пензиско друштво како пример (но се однесува и на другите):

За 2025 година сме им платиле вкупно надоместоци во висина од ЕУР 7,580,000, но дали нивната добивка ќе биде ЕУР 5,000,000 или ЕУР 1,000,000 во голема мера зависи од нив (трошоците за МАПАС, банка- чувар и ПИОМ се предвидливи, но оние што се однесуваат на плати, трошоци за маркетинг, курсни разлики, исплата на дивиденди се нивна одлука). Во конкретниот случај, добивката на КБ Прво пензиско друштво за 2025 година изнесува ЕУР 4,140,000.

Во прилог ви праќам и табела со нивните трошоци, пред се намалувањето на трошоците кои ги плаќаат кон банката- чувар со оглед на тоа што надминуваат ЕУР 1,000,000,000 средства на управување.

4. Profit margin

Profit margin на двете најголеми пензиски друштва е во просек 50%-60% секоја година, што ги прави едни од најпрофитабилните бизниси во државава.

Поради тоа во хрватскиот закон за пензиски друштва постои и член (член 63) кој се однесува на ограничување на нивниот профит и гласи:

(1) Пензиското друштво има право на надомест за управување во износ од 20% од вкупниот износ на надоместоци за управување собрани од сите пензиски друштва во Република Хрватска во набљудуваниот пресметковен период од една календарска година.

(2) Доколку пензиското друштво пресмета и наплати надомест за управување во текот на годишниот пресметковен период што надминува 20% од вкупниот износ на надоместоци за управување собрани од сите пензиски друштва во Република Хрватска во истиот пресметковен период, тоа ќе уплати 55% од вишокот наплатен надомест за управување на соодветната сметка за плаќање на Централниот регистар на осигурени лица најдоцна до 30 април следната календарска година, со цел да ги распредели овие средства на пензиските фондови.

(3) Централниот регистар на осигурени лица ќе го распредели применот износ на наплатениот надомест од став 2 на овој член на сите пензиски фондови во Република Хрватска пропорционално на нивната големина, мерена според нето вредноста на средствата на секој пензиски фонд.

(4) Агенцијата со уредба го утврдува начинот на пресметување на основата за утврдување на износот на средствата што се пренесуваат во Централниот регистар на осигуреници, уплатната сметка на која ќе се вршат исплатите на пензиските друштва, начинот на доставување на податоците од пензиските друштва до Централниот регистар на осигуреници потребни за распределба на средствата, роковите за прием и распределба на средствата и други податоци потребни за спроведување на одредбите од ставовите 2 и 3 на овој член.

Минатата година на пензиските осигуреници во Хрватска им беа вратени околу ЕУР 8.000.000,00. (извор: ХАНФА)

ЗАКЛУЧОК:

Бидејќи сите во коментарите поврзани со Предлог Законите за задолжително и доброволно капитално финансирано пензиско осигурување се повикуваме на хрватските закони и искуства, Ве молам при финализирањето на закониве да ги земете во целост во предвид решенијата понудени таму, кои во голема мера нудат заштита на правата на идните пензионери.

Со почит,

Билјана Јованоска